**ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје,**

**Лексиката во македонската народна проза**
**Главен истражувач:** Проф. д-р Елена Јованова-Грујовска

Овој научно-истражувачки проект ќе придонесе за продлабочување на лексиколошките знаења за народната лексика што е подлога на современиот македонски јазик. Предмет на истражувањето на проектот е Картотеката од 1 милион контексти на зборови што се користеле во нашето прозно народно творештво, собирани во периодот од 1953 до 2000 година.

Оригиналноста на целите и предметот на истражување се гледаат од фактот дека ова е единствена картотека од ваков вид што постои во нашата држава и светот, а нејзиното детално истражување ќе даде огромен придонес за македонистиката.

Актуелноста и релевантноста на проект се согледува во фактот потенциран уште од Крсте Мисирков и Блаже Коневски дека секој стандарден јазик треба да се напојува од народниот јазик и неговата лексика како од непресушен извор